Република Македонија
**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification
BUREAU VERITAS 1828

Бр. 11-3279/ 7
Скопје, 31. 10. 2017 год.

Влада на Република
Македонија

Министерство за правда
Ул. Димитрие Чуповски бр.9
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3116-123 л.223
Фах. (02) 3226-975
Сајт: www.pravda.gov.mk
E-Mail: cabinet@mjustice.gov.mk

ДО
ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДО
ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -
Ваш бр. 43-6037/2 од 22.09.2017г.

<u>С К О П Ј Е</u>

ПРЕДМЕТ: Известување
ВРСКА: Ваш Бр. 03 - 1493 од 15.09.2017 година - Предлози и препораки за Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2018 година

Почитувани,

Министерството за правда во врска со вашиот предлог под наведениот број доставен преку Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија – Одделение за соработка со невладини организации, во рамки на своите законски надлежности ве известува за следното:

Во Министерството за правда во завршна фаза е постапката за подготвување на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор заедно со Акциски план. За овој процес уште од самиот почеток беа известени и вклучени организациите од граѓанскиот сектор, меѓу кои и Хелсиншкиот комитет за човекови права. Доставените бројни предлози од граѓанскиот сектор дадоа огромен придонес кон изготвувањето на овој значаен стратешки документ.

Во таа насока, најголем дел од вашите стратешки предлози за областите од надлежност на Министерството за правда беа прифатени и вградени во Стратегијата и разработени во Акцискиот план, а конкретните активности и предлог мерки ќе бидат земени предвид при изготвувањето на поединечните закони дефинирани во Стратегијата.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification
BUREAU VERITAS
1828

Воедно, Министерството за правда при подготвување на Предлог Програмата за работа на Владата на Република Македонија ќе ги земе предвид доставените предлози и согласно роковите утврдени со Стратегијата и Акцискиот план ќе ги предложи на усвојување до Владата на Република Македонија.

Со почит,

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
Bilen Saliji

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА СКОПЈЕ